Проектот е финансиран од Европската Унија

ТРАНСПАРЕНТНО СКОПЈЕ:
Акција за креирање на отворени и достапни бази на податоци за поттикнување реформи и заштита на јавниот интерес во скопскиот регион

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА

# ТРАНСПАРЕНТНО СКОПЈЕ: АНАЛИЗА НА СЕЛЕКТИРАНИ ЕКОНОМСКИ И ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ, КАКО И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ, ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ И ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН




д-р Мишо Докмановиќ
д-р Катерина Шапкова Коцевска
д-р Дарко Спасевски

Д-р Мишо Докмановиќ
Д-р Катерина Шапкова Коцевска
Д-р Дарко Спасевски

ТРАНСПАРЕНТНО СКОПЈЕ: Анализа на селектирани економски и финансиски индикатори, како и индикатори за квалитет на живот, здравство, образование и животна средина во Скопскиот плански регион

Скопје, 2017 година

**Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ**

**www.isie.org.mk**

**За издавачот**

Д-р Мишо Докмановиќ

**Уредник**

Д-р Мишо Докмановиќ

**Автори**

Д-р Мишо Докмановиќ

Д-р Катерина Шапкова Коцевска

Д-р Дарко Спасевски

**Лектура**

Лилјана Јовановска

**Печати**

Pan Computers & Print www.print.mk

Оваа публикација е изготвена со помош на грант доделен преку проектот „Истражувачко новинарство за поттикнување реформи“, што го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации, НВО Инфоцентар и БИРН Македонија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

# ВОВЕД

Транспарентноста и отчетноста во трошењето на јавните средства претставуваат сериозен предизвик за Република Македонија. Пристапот до одредени категории на податоци во врска со овие прашања е лимитиран, а тоа особено е изразено при обезбедувањето на податоци кои се однесуваат на трошоци и издатоци, а кои произлегуваат од јавни пари, како на локално, така и на национално ниво. Недостигот, односно недостапноста на податоци претставува пречка за спроведување на различни активности во различни области на делување. Почнувајќи од изработка на научно-истражувачки проекти, медиумски стории, па до креирање на државни и локални политики.  Пристапот до податоци, покрај нивната достапност значи и можност истите да бидат протолкувани. Со оглед на тоа што најчесто отсуствуваат централизирани бази на податоци, предизвикот на толкување на постојните податоци особено е изразен кога граѓаните имаат потреба вака поставените податоци да ги толкуваат и користат со цел на остварување на некое свое право. На тој начин се отежнува можноста на граѓаните за остварување на нивните права.  Нетранспарентност е забележана во многу прилики и во различни документи како што се Извештајот за напредокот на Република Македонија кон Европската унија од 2016 година (EU Progress Reports, 2016) Итните реформски приоритети – извештајот на Прибе (Urgent Reform Priorities).

Имајќи го тоа предвид, во периодот од мај до ноември 2017 година Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје во соработка со Центарот за граѓански комуникации од Скопје и со финансиска поддршка од Европската унија го спроведува проектот „ТРАНСПАРЕНТНО СКОПЈЕ: Акција за креирање на отворени  и достапни бази на податоци за поттикнување реформи и

заштита на јавниот интерес во Скопскиот регион“. Целта на проектот беше подобрување на пристапот до податоци поврзани со квалитетот на живот на граѓаните и останатите засегнати категории во Скопскиот плански регион и истата беше имплементирана преку 1) обезбедување на пристап до податоци организирани во бази на податоци (економски и финансиски индикатори, квалитет на живот, здравство и животна средина итн.); 2) обработка и анализа на податоци; 3) давање знаење на податоците и нивно толкување, а истите ќе бидат од корист за целните групи.

Како што беше нагласено, оваа анализа на податоци е фокусирана на Скопскиот плански регион кој ги опфаќа општините Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево и градот Скопје. Скопскиот регион со население од 571.040 жители е најнаселен регион во Македонија.

Во методолошка смисла, истражувањето беше спроведено преку доставување на барања за пристап до информации од јавен карактер. Беа доставени 33 барања до општини и јавни претпријатија во Скопскиот плански регион, како и надлежни министерства. Како резултат на молчење на администрацијата, како и доставувањето на нецелосни одговори, во втората фаза на истражувањето, ИСИЕ поднесе 16 жалби за оневозможување на правото за пристап до информации од јавен карактер до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. По поднесените жалби, кои беа усвоени од страна на Комисијата, општините и останатите институции ги доставија бараните информации.

Во таа смисла преку овој проект направивме обид за обезбедување на податоци во рамките на Скопскиот плански регион кои се однесуваат на потребите на широк спектар групи на интерес: 1) медиуми; 2) невладини

организации; 3) креатори на политики (државни институции и институции на локално ниво); 4) образовните (-воспитни) институции (примарни, секундарни училишта и универзитетите) и други научно-истражувачки институции; 5) корисници на здравствени услуги, и 6) граѓаните во целина.

Дополнителна причина за спроведување на истражувањето претставува и фактичката состојба на затвореност на институциите во поглед на овозможување на пристап до податоци. Во таа насока, медиумите се ограничени или оневозможени да добијат податоци или пак добиваат делумни и нецелосни податоци, кои не може соодветно да ги употребат при спроведување на истражувачко новинарство. Дополнително, постоењето на бази на податоци доведува до зголемување на видливоста и мерливоста на работата на институциите (државните и локалните) и на тој начин ќе се зголеми нивната одговорност. На тој начин, се зголемува и степенот на посветеност на спроведување на реформски процеси. Основната цел во таа насока опфаќа подобрување на пристап до јасни, разбирливи, навремени и релевантни информации за општините од Скопскиот плански регион, вклучувајќи го и Градот Скопје од областите на: економија и финансии, квалитет на живот, здравство и животна средина. Преку спроведување на истражувачко новинарство базирано на квалитетни податоци се постигнува и клучната улога која треба истото да ја има. Во таа насока, истражувачкото новинарство ќе може целосно да одговори на потребите на граѓаните, односно пошироката јавност, за навремено, квалитетно, непристрасно, и базирано на факти известување. Пристапот на податоци, до јавно достапни бази на податоци, ќе ја подобри и работата на невладиниот сектор којшто за остварување на своите активности ги нема ресурсите на државните институции. На тој начин, преку пристапот до податоците се олеснува и работата на невладините организации во спроведување на нивните акции и активности.

Во овој документ ги презентираме најрелевантните податоци и индикатори до кои дојдовме во рамките на истражувањето.

# ЕКОНОМСКИ И ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ

Правната рамка со која се уредуваат буџетите на единиците на локалната самоуправа е уредена со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Согласно овој Закон, како извори на финансирање на единиците на локалната самоуправа се определуваат: 1) сопствени извори на приходи; 2) дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите, и 3) задолжувањето.[1] Сопствени извори на приходи се: 1. Локални даноци утврдени со закон: - данок на имот; - данок на наследство и подарок утврден со закон; - данок на промет на недвижности, и - други локални даноци утврдени со закон; 2. Локални такси утврдени со закон: - комунални такси; - административни такси, и - други локални такси утврдени со закон; 3. Локални надоместоци утврдени со закон: - надомест за уредување на градежно земјиште; - надоместоци од комунална дејност; - надоместоци за просторни и урбанистички планови и - други локални надоместоци утврдени со закон; 4. Приходи од сопственост: - приходи од закупнина; - приходи од камати и - приходи од продажба на имот со чија продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општините; 5. Приходи од донации; 6. Приходи од парични казни утврдени со закон; 7. Приходи од самопридонес и 8. Други приходи утврдени со закон.[2]

Градот Скопје во рамките на своето делување преку буџетот во периодот од 2013 до 2016 година потрошил 24.436.018.000 денари или 397.333.625 евра. Во оваа сума не е вклучена вредноста на основниот буџет за 2017 година, која изнесува 5.015.000.000 денари. Во односниот период на анализа, Градот Скопје

[1]Член 3од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
[2]Член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

најголем консолидиран буџет имал во 2016 година и тоа 6.891.736.000 денари, додека најмал консолидиран буџет има во 2014 година и тоа 5.480.000.000 денари. Општина во рамките Скопскиот плански регион со најголем буџет во периодот предмет на анализа е Општина Карпош со консолидиран буџет од 2.066.713.000 денари (околу 33 милиони евра) во 2015 година, додека општина со најмал буџет во односниот период е Општина Зелениково, со консолидиран буџет од 61.185.510 денари во 2013 година.

Слика 1. Основен буџет на општините од Скопскиот плански регион (2013–2017 година)




Извор: Буџети на општините објавени на нивните веб-страници и одговори на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

Слика 2. Консолидиран буџет на општините од Скопскиот плански регион (2013–2017 година)




Извор: Буџети на општините објавени на нивните веб-страници и одговори на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

Слика 3. Основен и консолидиран буџет на Градот Скопје (период 2013–2017 година)




Извор: Буџет на Градот Скопје (2013–2017)

Целта на овој проект како што е и наведено во воведот на оваа анализа, е обезбедување на податоци кои на јавноста и медиумите нема да им претставуваат само бројки, туку ќе им се даде и значење и толкување кое ќе биде разбирливо за нив. Во таа смисла, доколку ги анализираме само планираните буџети, нема да имаме реална слика, туку потребно е да ги анализираме и реализираните буџети. Накратко, планиран буџет е буџетот кој општината го усвојува и го планира за следната година. Но, за да ги потроши парите предвидени во планираниот буџет, истите треба да ги собере на некој од начините објаснети погоре. Доколку собере помалку пари, тоа значи ќе потроши помалку. Во таа смисла вредноста на реализираниот буџет ни покажува колку реално потрошила општината. Оттука најуспешна општина во планирањето на приходите и расходите е Општина Бутел, кај која овој сооднос достигнал дури 87% во 2013 година. Како помалку успешни општини се наведуваат општините Карпош, Кисела Вода, Студеничани и Сопиште. Што се однесува до Градот Скопје, реализацијата на буџетот се движи околу 70%.

Слика 4. Вредност на реализиран (остварен) консолидиран буџет согласно завршна сметка (2013–2016)




Извор: Завршни сметки на општините објавени на нивните веб-страници и одговори на барања за слободен пристап до информации од јавен каракте

Табела 1. Сооднос реализиран наспроти планиран консолидиран буџет на општините (2013–2016 година)

| Општина | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| **Град Скопје** | 66,02% | 70,49% | 70,24% | 64,46% |
| **Аеродром** | 52,42% | 57,40% | 65,38% | 66,74% |
| **Бутел** | 87,44% | 80,82% | 84,27% | 78,47% |
| **Гази Баба** | 70,58% | 77,82% | 64,77% | 67,68% |
| **Ѓорче Петров** | 63,11% | 51,13% | 74,93% | 64,36% |
| **Карпош** | 36,92% | 36,55% | 50,49% | 53,03% |
| **Кисела Вода** | 46,06% | 55,17% | 63,83% | 51,51% |
| **Центар** | 69,26% | Н.П. | 76,04% | 53,83% |
| **Чаир** | 55,00% | 63,92% | 60,96% | 52,75% |
| **Шуто Оризари** | 76,82% | 76,21% | 77,81% | 57,69% |
| **Арачиново** | 16,14% | 93,87% | 76,48% | 94,57% |
| **Илинден** | 56,98% | 59,24% | 60,08% | 65,93% |
| **Сопиште** | 73,80% | 35,60% | 38,06% | 47,00% |
| **Студеничани** | 62,07% | 44,43% | 50,36% | 46,33% |
| **Чучер - Сандево** | 67,03% | 50,04% | 38,27% | 39,33% |

Извор: Буџети и завршни сметки на општините објавени на нивните веб-страници и одговори на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

Во претходниот дел на оваа анализа видовме со колку пари менаџираат општините во Скопскиот плански регион, вклучително и Градот Скопје како посебен субјект на локалната самоуправа. Паралелно со средствата со кои менаџираат, во оваа анализа се опфатени и капацитетите од аспект на човечките ресурси со кои располагаат општините, односно бројот на вработени во истите. Како што може да се види од табелата 2, најмногу вработени во 2016 година има во Градот Скопје и тоа 693 лица, понатаму следуваат Општина Карпош со 336 лица и Општина Центар со 271 лице. Најмалку вработени имаат општините Чучер Сандево (6) и Шуто Оризари (4).

Табела 2. Ранг листа за вкупен број вработени и ангажирани лица во 2016 година

| Општина | Вкупен број вработени и ангажирани лица |
|---|---|
| **Град Скопје** | 693 |
| **Карпош** | 336 |
| **Центар** | 271 |
| **Гази Баба** | 143 |
| **Ѓорче Петров** | 140 |
| **Аеродром** | 138 |
| **Чаир** | 103 |
| **Бутел** | 63 |
| **Кисела Вода** | 50 |
| **Зелениково** | 18 |
| **Петровец** | 17 |
| **Сопиште** | 17 |
| **Арачиново** | 15 |
| **Илинден** | 7 |
| **Студеничани** | 7 |
| **Чучер – Сандево** | 6 |
| **Шуто Оризари** | 4 |

Извор: Одговори на испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

Јавните претпријатија се посебни форми на правни лица кои вршат дејност од јавен интерес. Во Скопскиот плански регион работат 13 јавни претпријатија. Истите вршат широк круг на дејности од јавен интерес, од комунални услуги, уредување на јавните зелени површини, организирање на јавните паркинзи, па до одржување на улиците и патиштата. Како основачи на јавни претпријатија во Скопскиот плански регион се јавуваат Градот Скопје и општините Центар, Сарај, Петровец и Илинден. Вкупниот број вработени во сите јавни претпријатија во 2016 година е 5449 од кои 5094 лица се вработени во редовен работен однос, додека пак со договор на дело и со договор за привремени вработувања ангажирани се 355 лица. Најголемо јавно претпријатие со 1394 лица е Јавното сообраќајно претпријатие – „Скопје“, понатаму следуваат Јавното претпријатие „Комунална хигиена“, со 1137 лица во редовен работен однос и дополнителни 122 лица во категоријата договор за дело или договор за повремени вработувања, и трето јавно претпријатие по број на вработени е ЈП „Водовод и канализација“, со 1140 лица во редовен работен однос и 92 лица ангажирани со категоријата договор за дело или договор за повремени вработувања. Најмало јавно претпријатие во број на вработени во Скопскиот плански регион е ЈКП „Сопиште“ со 11 вработени и 4 лица ангажирани во категоријата договор за дело или договор за повремени вработувања. Во 2016 година со исклучок на ЈКП „Сопиште“ и ЈП „Градски паркинг“ од Скопје, сите други јавни претпријатија работеле со добивка. Она што се забележува на прв поглед е дека ЈП „Градски паркинг“, иако во 2016 година остварило промет од 25 милиони евра, годината ја завршило со загуба од 130.000 евра. Топ три јавни претпријатија со најголема добивка според нивните завршни сметки се: 1) ЈПК „Комунална хигиена“ со добивка од 130.761.629 денари (или 2,1 милиони евра), ЈСП „Скопје“ со добивка од 65.260.231 денари (или 1,1 милиони евра) и „Дрисла“ со добивка од 41.825.289 денари (685.000 евра). Од сите јавни претпријатија најмала добивка

остварило ЈКП „Водовод“ од Општина Илинден, 1.007.480 (или околу 15.000 евра). Загубата на ЈКП „Сопиште“, е 977.833 денари или околу 15.000 евра, додека пак загубата на ЈП „Градски паркинг“ е 8.242.740 денари (130.000 евра). Друга бројка која е интересна за граѓаните е износот кој на годишно ниво го наплаќаат јавните претпријатија (односно прометот) за услугите кои им ги даваат на граѓаните. Во таа насока најголем промет во 2016 година прикажува ЈП „Градски паркинг“ – Скопје со промет од 1.555.556.050 денари (25 милиони евра), следи ЈСП „Скопје“ со промет од 1.544.732.307 денари и на трето место е ЈП „Водовод и канализација“ Скопје со годишен промет од 1.281.830.033 денари  (околу 20 милиони евра) во 2016 година.

Табела 3. Финансиски резултат на јавните претпријатија (2013–2016)

| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| **„Дрисла “- Скопје ДОО** | 5,860,878 | 13,901,292 | 21,089,379 | 41,825,289 |
| **ЈП „Паркови и зеленило“** | -26,698,855 | 16,923,099 | -18,766,320 | 3,251,475 |
| **ЈКП „Сопиште“** | 4,781,545 | -671,205 | 294,475 | -977,833 |
| **ЈП „Улици и патишта“** | 2,240,830 | 17,142,677 | 34,715,615 | 1,203,400 |
| **ЈПЈП „ПАРКИНЗИ на општина Центар** | -3,317,566 | 221,485 | -4,839,022 | 5,861,361 |
| **ЈСП „СКОПЈЕ“** | 14,035,811 | 7,136,194 | 72,979,617 | 65,260,231 |
| **ЈП „Водовод и канализација“ Скопје** | 4,568,681 | -185,175,195 | 9,616,309 | 1,571,658 |
| **ЈП „Градски паркинг“ - Скопје** | 26,124,882 | -10,704,993 | 5,247,243 | -8,242,740 |
| **ЈКП „САРАЈ“-СКОПЈЕ** | 2,707,887 | -564,732 | 3,009,537 | 1,405,511 |
| **ЈП „Комунална хигиена“** | 2,683,983 | 83,854,835 | 32,075,399 | 130,761,629 |
| **ЈКП „Петровец“** | 2,438,521 | 1,827,283 | 1,044,330 | 1,044,330 |
| **ЈКП „Илинден“** | 88,144 | 554,222 | 302,016 | 1,952,202 |
| **ЈКП „Водовод“ Илинден** | 1,634,464 | 202,720 | 375,210 | 1,007,480 |

Извор: Одговори на испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и извод од Централен регистар на РМ

Табела 4.Број на вработени, привремено вработени и ангажирани со договор на дело во јавните претпријатија

| Јавно претпријатие | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| **„Дрисла“ - Скопје ДОО** | 137 | 141 | 144 | 152 |
| **ЈП „Паркови и зеленило“** | 545 | 541 | 563 | 610 |
| **ЈКП „Сопиште“** | 13 | 13 | 14 | 15 |
| **ЈП „Улици и патишта“** | 212 | 223 | 231 | 244 |
| **ЈПЈП „ПАРКИНЗИ на општина Центар“** | 115 | 100 | 115 | 142 |
| **ЈСП „СКОПЈЕ“** | 1289 | 1331 | 1373 | 1394 |
| **ЈП „Водовод и канализација“ Скопје** | 1148 | 1150 | 1214 | 1232 |
| **ЈП „Градски паркинг“ - Скопје** | 243 | 246 | 248 | 249 |
| **ЈКП „САРАЈ“-СКОПЈЕ** | 11 | 11 | 13 | 13 |
| **ЈП „Комунална хигиена“** | 1189 | 1190 | 1290 | 1259 |
| **ЈКП „Петровец“** | 10 | 11 | 13 | 13 |
| **ЈКП „Илинден“** | 64 | 61 | 67 | 75 |
| **ЈКП „Водовод“ Илинден** | 43 | 49 | 52 | 51 |

Извор: Одговори на испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и извод од Централен регистар на РМ

Процедурите за јавни набавки се механизми кои треба да овозможат економично и ефикасно трошење на парите на државните институции и на единиците на локалната самоуправа. Парите на граѓаните треба да се трошат отчетно, одговорно и транспарентно. Рационалноста на трошоците треба да биде

изразена особено во услови на потешкотии во финансирањето. Секогаш се поставува прашањето колку чинат јавните набавки на стоки и услуги, односно како се менаџираат парите на граѓаните. Во периодот од 2013 година до 2016 година, општините во Скопскиот плански регион и Градот Скопје за јавни набавки потрошиле 14.600.751.204 денари или 273 милиони евра. Најмногу е потрошено во 2016 година, која е и изборна година и тоа сума од 4.201.089.747 денари, (или изразено во евра 68.000.000), додека најмалку е потрошено во 2015 година или сума од 3.154.388.903 денари (или изразено во евра 51.000.000). Секако од интерес на граѓаните е и прашањето која општина потрошила најмногу, а која општина потрошила најмалку. Во целиот овој период на анализа од 2013 година до 2016 година, најмногу потрошил Градот Скопје и тоа сума од 4.544.746.599 денари или 73.000.000 евра, понатаму следува Општина Центар со сума од 2.041.755.605 денари или 33 милиони евра и на трето место е Општина Карпош со сума од 1.490.854.536 денари или 24 милиони евра. Најмалку за четиригодишниот период од 2013 до 2016 година има потрошено Општина Шуто Оризари и тоа 18.735.727 денари или околу 300.000 евра.

Табела 5. Вкупна вредност на јавните набавки (во денари)

| Општина | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| **Град Скопје** | 1,296,549,340 | 721,183,287 | 1,428,195,330 | 1,098,818,642 |
| **Аеродром** | 627,649,300 | 242,964,609 | 157,668,523 | 251,791,249 |
| **Бутел** | 50,035,760 | 139,833,318 | 68,751,540 | 82,795,239 |
| **Гази Баба** | 169,555,733 | 152,917,670 | 239,310,119 | 247,280,075 |
| **Ѓорче Петров** | 87,519,308 | 94,446,607 | 72,539,469 | 79,735,496 |
| **Карпош** | 398,230,611 | 236,264,069 | 192,570,519 | 663,789,337 |
| **Кисела Вода** | 193,963,723 | 211,809,968 | 188,836,344 | 168,936,000 |
| **Сарај** | 44,678,392 | 126,770,689 | 54,210,768 | 81,485,398 |
| **Центар** | 544,800,905 | 511,858,876 | 166,915,133 | 818,180,691 |
| **Чаир** | 106,969,090 | 800,906,353 | 119,305,526 | 136,850,829 |
| **Шуто Оризари** | 4,650,000 | 4,200,000 | 3,882,248 | 6,003,479 |
| **Арачиново** | 3,564,365 | 4,343,780 | 7,430,737 | 25,737,202 |
| **Зелениково** | 15,095,057 | 7,551,314 | 38,755,829 | 613,251 |
| **Илинден** | 76,415,390 | 64,979,299 | 192,549,117 | 226,542,248 |
| **Петровец** | 48,369,445 | 38,978,099 | 57,100,220 | 22,601,294 |
| **Сопиште** | 41,511,546 | 15,131,342 | 39,806,133 | 165,048,997 |
| **Студеничани** | 16,836,016 | 16,449,470 | 36,405,622 | 30,454,415 |
| **Чучер – Сандево** | 63,700,627 | 64,599,568 | 90,155,726 | 94,425,905 |

Извор: Одговори на испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и податоци од објавени од Призма и Центарот за граѓански комуникации

Јавно приватно партнерство значи форма на договорно регулирана, долгорочна соработка меѓу јавниот партнер и приватниот партнер, во која приватниот партнер ја презема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер и/или обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга на крајните корисници и/или активности од негова надлежност.[3] Генерално, се

[3]Член 5 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство.

забележуваат многу предности од ваквиот начин на организација на дејностите од кои најчесто се издвојуваат: јавното приватно партнерство овозможува подобри инфраструктурни решенија, бидејќи секој од партнерите учествува со она за што е специјализиран истиот и имаме концентрација на вештини, 2) поголема е стапката на поврат на инвестицијата (return on investment ROI), 3) помал е ризикот, со оглед што истиот е дисперзиран помеѓу партнерите, 4) за државата и единиците на локалната самоуправа се овозможува полесен пристап до инвестиции и средства, без тоа да биде на товар на нивните буџети итн.[4]

Согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство, како јавен партнер може да се јават општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото.[5]

На ниво на Скопскиот плански регион во периодот од 2013 до 2017 година се склучени четири договори за јавно приватно партнерство и тоа: Општина Аеродром има склучено два вакви договори во 2013 и 2016 година, Општина Гази Баба има склучено еден договор за јавно приватно партнерство во 2015 година и Општина Ѓорче Петров има склучено еден договор за јавно

[4] Juan Rodriguez, „Public Private Partnership Pros and Cons", https://www.thebalance.com/public-private-partnership-pros-and-cons-844713" .
[5] Член 4, став 1, точка 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

приватно партнерство во 2013 година. Податоците се добиени како одговори испратени од општините на испратени барања со слободен пристап до информации од јавен карактер.

Граѓанските организации со своето делување и активности се значаен чинител во општеството и заедницата. Тие преку нивното делување активно учествуваат во решавањето на предизвиците за локалната заедница. Во таа насока, потребно е да постојат механизми кои ќе овозможат финансиска поддршка за дејствувањето на граѓанските организации. Градот Скопје во периодот 2013 година до 2016 година има исплатено вкупно 154.466.620 денари (или околу 2,5 милиони евра). Најмногу средства на невладини организации има исплатено во 2013 година, 71.294.914 денари, додека најмалку средства во овој период има исплатено во 2015 година, 26.297.072 денари. Гледано по општини во Скопскиот плански регион, најмногу пари на граѓански организации во 2016 година има исплатено Општина Центар и тоа 25.535.555 денари, додека најмалку пари има исплатено Општина Илинден, 80.000 денари.

Табела 6. Финансиски средства доделени на невладини организации во 2016 година (цела буџетска линија 463)

| Општина | Планирани средства (ден.) | Исплатени средства (ден.) | Исплатени / Планирани средства (%) |
|---|---|---|---|
| **Град Скопје** | 31,990,000 | 29,127,616 | 91.05% |
| **Аеродром** | 20,400,000 | 13,500,000 | 66.18% |
| **Бутел** | 700,000 | 558,000 | 79.71% |
| **Гази Баба** | 8,609,000 | 5,319,411 | 61.79% |
| **Ѓорче Петров** | 1,900,000 | 1,613,923 | 84.94% |
| **Карпош** | 0 | 0 | 0.00% |
| **Кисела Вода** | 2,076,000 | 226,000 | 10.89% |
| **Центар** | 26,200,000 | 25,535,555 | 97.46% |
| **Шуто Оризари** | 280,000 | 100,000 | 35.71% |
| **Арачиново** | 0 | 0 | 0.00% |
| **Зелениково** | 0 | 0 | 0.00% |
| **Илинден** | 280,000 | 80,000 | 28.57% |
| **Сопиште** | 800,000 | 585,000 | 73.13% |
| **Студеничани** | 1,050,000 | 278,830 | 26.56% |
| **Чучер - Сандево** | 0 | 0 | 0.00% |

Извор: Завршни сметки на општините објавени на нивните веб страни и одговори на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

# КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

Во светот 1 од 10 лица живеат со помалку од 1,9 американски долари на ден, од кои половина од нив живеат до Супсахарска Африка. Глобалното сиромашно население, претежно е рурално население, млади, без образование кои најчесто се ангажирани во земјоделство и живеат во големи домаќинства со повеќе деца. [6] Според податоците на американска ЦИА, процентот на лица во Македонија кои живеат под прагот на сиромаштија е 21,5%[7]. Владата на Република Македонија во 2010 година ја донесе Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија за периодот 2010 – 2020 година.[8] Главна цел на оваа стратегија е намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, преку подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, за работа и на општествените услови на сите граѓани, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развој на механизмите за социјално вклучување на ранливите категории граѓани во локален контекст. Покрај овој документ, посебни плански документи се и: Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за

---

[6] „Poverty and shared prosperity 2016, Taking on inequality", World Bank, https://openknowledge.worldbank.org/bitstream/handle/10986/25078/9781464809583.pdf.

[7] „The world factbook", Central Intelligence Agency, https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/fields/2046.html.

[8] „Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија" (2010-2020), Министерство за труд и социјална политика, http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/revidirana_str_siromastija.pdf.

2017 година[9], Програма за остварување на социјалната заштита за 2017 година[10] и Стратешки план на Министерството за труд и социјална политика 2017–2019 година.[11]

Според податоците до кои е дојдено преку ова истражување, може да се забележи дека бројот на приматели на социјална помош во Град Скопје од 2013 година до 2015 година, за која има достапни податоци, постојано се зголемува (Слика 5). Имено, од 2013 година, кога се забележани 16.345 приматели на социјална помош, нивниот број во 2015 година се зголемува и изнесува 23.380 приматели.

Слика 5. Број на приматели на социјална помош (2013–2015)




[9]Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година.
[10]Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година.
[11] Стратешки план на Министерството за труд и социјална политика на РМ, 2017-2019 година, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strateski_plan_MTSP%20za%202017-2019%20kv.pdf.

Извор: Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица (2012–2013, 2013–2014, 2014–2015, 2015)

Кога го анализираме бројот на социјално исклучени лица (слика 6), исто така се забележува тренд на зголемување на бројот на оваа категорија на лица и тоа, во 2013 година бројот на оваа категорија на лица изнесува 661, за да овој број расте во наредниот период и достигне број од 1227 лица во 2015 година.

Слика 6. Број на социјално исклучени лица (2013–2015)




Извор: Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица (2012–2013, 2013–2014, 2014–2015, 2015)

Кога ја анализираме просечно исплатената нето-плата во Скопскиот плански регион, може да се забележи дека таа во периодот од 2013 година до 2016 година, забележува тренд на раст. Сепак она што може да се увиди е дека овој раст е минимален, кој нема силен одраз на примањата на вработените. Имено, од почетната бројка на нето-исплатена плата од 24 698 денари во 2013 година, растот кој се забележува во 2016 година изнесува 1545 денари, односно просечната нето-плата во 2016 година изнесува 26 243 денари (слика 7).

Слика 7. Просечно исплатена нето-плата во Скопскиот регион (2013–2016)




Извор: Регионите во Република Македонија (2013–2017)

Граѓаните кои живеат во Градот Скопје во 2016 година биле опслужувани од страна на 20 детски градински во државна сопственост. Најмногу градинки во градот се наоѓаат во општините Карпош и Центар – вкупно 4, потоа следат општините Аеродром, Гази Баба, Сарај и Чаир со по 2 градинки, додека во општините Бутел, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Шуто Оризари е лоцирана само по една градинка. Од општините кои географски припаѓаат на Скопскиот плански регион, но не се дел од Градот Скопје, детска градинка во државна сопственост има само во општината Илинден, додека во Арачиново, Зелениково, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер – Сандево нема ниту една детска градинка (Установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки – центри за ран детски развој, 2016)

Насоките и одредниците за развојот на системот на основно, средно и високо образование се поставени во Стратешкиот план на Министерството за образование и наука (2015–2017)[12] кој има за цел одржување на систем на образование и наука кој најмногу им одговара на животните и развојните потреби на граѓаните на Република Македонија и на општеството во целина, стратешки политики, акции и мерки со кои таквата визија за системот на образованието и науката и за развитокот на образованието и науката може да биде остварлива, движењето на системот за образованието и науката на Република Македонија како компетентен дел на европскиот образовен простор привлечен за меѓународната соработка. Во рамките на ова истражување, со цел да се увидат капацитетите на системот на основно, средно и високо образование, во продолжение презентирани се бројот на основни училишта, средни училишта и факултети во Скопскиот плански регион.

Во однос на првиот параметар, диверзификација на основни училишта во Скопскиот плански регион, се заклучува дека во секоја од општините има застапеност на основни училишта. Најмногу основни училишта има во Општина Сарај и тоа 21 основно училиште, понатаму следува Општина Гази Баба со 16 основни училишта и Општина Карпош со 13 основни училишта, додека најмалку основни училишта има во Општина Арачиново и тоа 4 основни училишта и Општина Шуто Оризари и тоа 3 основни училишта.

[12] http://fvm.ukim.edu.mk/documents/Strateshki%20Plan%20MON%202015-2017.pdf.

Слика 8. Број на основни училишта во учебната 2016/2017 година




Извор: Државен завод за статистика, основни и средни училишта во Република Македонија на почетокот на 2016/2017 година

Кога се анализира бројот на средни училишта во Скопскиот плански регион и нивната распространетост во рамките на овој плански регион се забележува дека има општини во кои што нема ни едно средно училиште, што не е случај со основните училишта. Општини без средни училишта на нивната територија се Арачиново, Зелениково, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево. Најмногу средни училишта има на територијата на општина Центар и тоа 9 средни училишта и на територијата на општина Карпош и тоа 8 средни училишта. По едно средно училиште има на територијата на општините Ѓорче Петров, Сарај, Чаир, Шуто Оризари и Зелениково.

Слика 9. Број на средни училишта во учебната 2016/2017 година




Извор: Државен завод за статистика, основни и средни училишта во Република Македонија на почетокот на 2016/2017 година

Анализирајќи го бројот на високошколски установи во Скопскиот плански регион, во рамките на ова истражување се дојде до бројот од 25 државни факултети кои имаат седиште во Скопскиот плански регион.

# ЗДРАВСТВО

Здравствените политики и здравствените стратегии претставуваат значаен дел од државните политики во целина. Поради тоа им се придава и посебно значење. Сите стратегии во здравството се базирани на стратегијата на Светската здравствена организација наречена „Здравје за сите" (англ. Health for all)[13]. Здравствената стратегија на Република Македонија 2020 ја одредува визијата кон унапредување на здравјето и подобрување на здравствениот систем кој ќе одговара на потребите на населението.[14] Во Скопје се регистрирани 630 442 осигуреници во Фондот за здравствено осигурување, од кои 329 669 се мажи, а 361 141 се жени.

Кога го анализираме Скопскиот плански регион, согласно со податоците достапни од Здравствената карта на Република Македонија за 2015 година, може да се забележи дека има 2589 лекари или по еден лекар на 239,2 жители. Бројот на специјалисти во овој регион изнесува вкупно 1858 (Здравствена карта на Република Македонија 2015). Европските статистики за 2015 година покажуваат дека најмногу доктори на 100.000 жители има Грција и тоа 632 лекари, понатаму следуваат Австрија со 510 и Португалија со 461 лекари на 100.000 жители. Најмалку лекари на 100.000 жители има Полска и тоа 233 лекари.[15]

---

[13] World Health Organization, World Health Report, Executive Summary, http://www.who.int/whr/1998/media_centre/executive_summary6/en/.
[14]Здравствена стратегија на Република Македонија 2020, Министерство за здравство, http://www.nationalplanningcycles.org/sites/default/files/planning_cycle_repository/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/health_strategy_2020.pdf.
[15] Eurostat, Healthcare Personnel Statistics – Physicians, http://ec.europa.eu/eurostat/statistics-

Мрежата на медицински единици во 2015 година ни покажува вкупно 320 единици, од кои најбројни се службата за општа медицина (227 единици), службата за здравствена заштита на жени (49 единици) и службата за здравствена заштита на деца од 0 до 6 години (27 единици). Во Скопскиот плански регион дејствуваат две општи болници, една клиничка болница, еден центар за јавно здравје и два центри за лекување и рехабилитација и бањи.

Слика 10. Мрежа на медицински единици во Скопје




Извор: Здравствена карта на Република Македонија 2015 г.

explained/index.php/Healthcare_personnel_statistics_-_physicians#Healthcare_personnel.

Табела 7. Мрежа на здравствени установи во секундарна здравствена заштита во Скопје во 2015 г.

| **Вид на установа** | **Број** |
|---|---|
| **Општи болници** | 2 |
| **Клинички болници** | 1 |
| **Центри за јавно здравје** | 1 |
| **Центри за лекување и рехабилитација и бањи** | 2 |
| **Специјални болници за градни болести и туберкулоза** | 0 |
| **Специјални болници за душевни болести** | 0 |
| **Други специјални болници** | 4 |

Извор: Здравствена карта на Република Македонија 2015

Анализата на стапката на смртност според причината за смрт, како главна причина за смрт во Скопскиот плански регион ни покажува дека се издвојуваат болестите на циркуларниот систем со 513 починати на 100.000 жители. Понатаму следни причини за смрт се неоплазми со 208 регистрирани починати лица на 100.000 жители и групата на R00-R99 Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, некласифицирани на друго место со евидентирани 43 починати лица на 100.000 жители.

Табела 8. Стапка на смртност според причина за смрт во Скопје во 2015 година

| ПРИЧИНА ЗА СМРТ | Стапка на смртност (број) | Стапка на смртност (MT100000) |
|---|---|---|
| IOO-I99 Болести на циркуларен систем | 3177 | 513 |
| C00-D48 Неоплазми | 1292 | 208.6 |
| R00-R99 Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, некласифицирани на друго место | 266 | 43 |
| E00-E99 Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 254 | 41 |
| J00-J99 Болести на респираторен систем | 206 | 33.3 |
| S00-T98 | 165 | 26.6 |
| K00-K93 Болести на дигестивен систем | 114 | 18.4 |
| N00-N99 Болести на генитоуринарен систем | 105 | 17 |
| P00-P96 Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 48 | 7.8 |
| Останато | 202 | 32.6 |

Извор: Здравствена карта на Република Македонија 2015

Стапката на смртност на доенчиња изнесува 8,3 на 1000 живородени или вкупно 67 починати доенчиња во 2015 година (Здравствена карта на Република Македонија 2015). Во 2015 година стапката на смртност на доенчиња во Европската унија изнесувала 3,7 на 1000 живородени доенчиња.[16]

Во Скопскиот регион во 2015 година се пријавени 7481 случаи на заразни заболувања или 1208 случаи на 100 000 жители во просек (Здравствена карта на Република Македонија 2015).

[16] http://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Mortality_and_life_expectancy_statistics.

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата на животната средина е главен приоритет на секое општество. Оттука произлегува потребата од постоење на цврсти механизми кои ќе овозможат заштита на животната средина. Приоритетните активности во оваа област во Република Македонија се поставени со Стратешкиот план 2016–2018 на Министерството за животна средина и просторно планирање. Согласно со оваа стратегија, потребата за заштита на животната средина, се заснова на принципите на одржливиот развој, кој сè повеќе се зголемува, паралелно со растечките потреби на населението за поквалитетни услови за живеење, чиста вода за пиење и здрава храна. Во таа насока активностите се насочени кон заштита на водите од загадување и обезбедување на квалитетна вода за пиење со изграба на пречистителни системи, воспоставување на мониторинг, заштитата и следењето на квалитетот на воздухот и супституција на постојните горива со преминување на чисто еколошки горива, соодветно управување со комуналниот отпад преку изградба на регионални депонии, како и воспоставување на системи за управување со другите видови отпад, заштита на одредени реони од ерозија и деградирање на почвата, пошумување на голите површини, заштита и одржливо користење на биодиверзитетот со адекватно управување на природните реткости и ревитализација на екосистемите и институционално надградба и зајакнување на капацитетите за животна средина со цел подигање на еколошката свест во однос на животната средина.

Ако го анализираме квалитетот на водата за пиење во Градот Скопје и како индикатори ги земеме процентот на неисправни примероци при физичко-хемиска анализа и процентот на неисправни примероци при бактериолошка анализа, резултатите покажуваат 10% неисправни примероци при физичко-

хемиска анализа и 13,3 % неисправни примероци при бактериолошка анализа (Извештај за реализација на програмските задачи согласно Националната годишна програма за јавно здравје на Република Македонија за 2016 година).

Како еден од најгорливите проблеми во Градот Скопје и поширокиот регион е квалитетот на воздухот. Согласно со достапните податоци, се утврдува дека просечната годишна концентрација на тешки метали во 2015 година изнесува 107,2 (Извештај за здравје на населението во Република Македонија за 2015 година).

Годишната стапка на болни од неспецифични респираторни болести кај деца од предучилишна возраст во 2015 г., ни покажува дека таа во градските средини изнесува 2302,53, додека во селските средини во Скопскиот плански регион изнесува 1979,21. Понатаму, Годишна стапка на болни од неспецифични респираторни болести кај деца од училишна возраст во 2015 изнесува 899,71 во градските средини, односно 843,83 во селските средини во Скопскиот плански регион (Извештај за здравје на населението во Република Македонија за 2015 година).

Со цел на поттикнување на еколошки стандарди во работењето на фирмите, законските прописи предвидуваат поседување на интегрирани еколошки дозволи. Овие дозволи означуваат дека нивните иматели ги исполнуваат правилата за работење со цел заштита на животната средина. Согласно со позитивните законски прописи надлежни за издавање на “Б” интегрирани еколошки дозволи се општините, односно Градот Скопје. При спроведеното истражување, во рамките на оваа анализа утврдивме дека Градот Скопје во периодот од 2013 година до 2016 година има издадено вкупно 26 “Б” интегрирани еколошки дозволи, од кои 19 дозволи во 2013 година, 2 дозволи во

2014 година и 5 дозволи во 2015 година. Од другите општини во Скопскиот плански регион, три општини имаат издадено вакви дозволи и тоа Општина Зелениково има издадено една дозвола, Општина Илинден има издадено шест дозволи и Општина Чучер Сандево има издадено една дозвола. Презентираните податоци се добиени од општините како одговор на испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

# ЛИСТА НА РЕФЕРЕНЦИ


Central Intelligence Agency, *The World Fact Book*, достапно на https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/fields/2046.html

Државен завод за статистика на Република Македонија (2016). Запишани студенти во учебната 2015/2016. *Статистички преглед 2015: Население и социјални статистики*, ISSN: 1409-8997; 2.4.16.11(857). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.11.pdf

Државен завод за статистика на Република Македонија (2016). Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2015. *Статистички преглед 2015: Население и социјални статистики*, ISSN: 1409-8997; 2.4.16.12(859). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.12.pdf

Државен завод за статистика на Република Македонија (2017). Основни и средни училишта на почетокот на учебната 2016/2017 година. *Статистички преглед 2015: Население и социјални статистики*, ISSN 1409-8997; 2.4.17.04 (873). Достапно на:http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.04.pdf

Државен завод за статистика на Република Македонија (2017). *Регионите во Република Македонија*. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/RegioniteVoRM2017.pdf

Државен завод за статистика на Република Македонија (2017). Установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки - центри за ран детски развој. *Статистички преглед 2015: Население и социјални статистики*, ISSN 1409-8997 ; 2.4.17.01(871). Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.03.pdf

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија (2016). *Здравствена карта на Република Македонија 2015 година*. Дел 1. Достапно на: http://iph.mk/wp-content/uploads/2017/06/Zdravstvena-karta-2015-del-1-MK.pdf

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија (2016). *Здравствена карта на Република Македонија 2015 година*. Дел 2. Достапно на:http://iph.mk/wp-content/uploads/2017/06/Zdravstvena-karta-2015-del-2-MK-book.pdf

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија (2016). *Извештај за здравјето на населението во Република Македонија за 2015 година.*

Достапно на: http://iph.mk/wp-content/uploads/2014/09/Izvestaj-za-zdravje-2015-so-cip.pdf

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија (2017). *Извештај за реализација на програмските задачи согласно националната годишна програма за јавно здравје на Република Македонија за 2016 година,* Дел 1. Достапно на: http://iph.mk/wp-content/uploads/2017/05/prv-del-2016-izvestaj.pdf

Министерство за информатичко општество и администрација на Република Македонија (2017). Годишен извештај од регистарот на вработени во јавниот сектор 2016 година. Достапно на: http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf

Министерство за образование и наука, *Стратешкиот план на Министерството за образование и наука (2015-2017)*, достапно на http://fvm.ukim.edu.mk/document s/Strateshki%20Plan%20MON%202015-2017.pdf

Министерство за труд и социјална политика, *Стратешки план на министерството за труд и социјална политика 2017-2019 година*, достапно на *http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strateski_plan_MTSP%2 0za%202017-2019%20kv.pdf*

Министерство за труд и социјална политика, *Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија" (2010-2020),*http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/revidirana _str_siromastija.pdf

Министерство за труд и социјална политика, *Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2017 година*, Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година

Министерство за труд и социјална политика, *Програма за остварување на социјалната заштита за 2017 година,* Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година

Министерство за здравство, *Здравствена стратегија на Република Македонија 2020,*http://www.nationalplanningcycles.org/sites/default/files/planning_

cycle_repository/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/health_strategy_2020.pdf

Rodriguez, J., „Public Private Partnership Pros and Cons", достапно на https://www.thebalance.com/public-private-partnership-pros-and-cons-844713"

Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија (2017). Преглед на осигурени лица во 2016 година. Достапно на: http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=8754C32D4C42FE4DAE4394F4D7584EB6

World Bank, *Poverty and shared prosperity 2016, Taking on inequality*, достапно на https://openknowledge.worldbank.org/bitstream/handle/10986/25078/9781464809583.pdf

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

311(497.71)

ДОКМАНОВИЌ, Мишо
Транспарентно Скопје : анализа на селектирани економски и финансиски индикатори, како и индикатори за квалитет на живот, здравство, образование и животна средина во Скопскиот плански регион / Мишо Докмановиќ, Катерина Шапкова Коцевска, Дарко Спасевски. - Скопје : Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ, 2017. - 25 стр. : табели ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 23-25

ISBN 978-608-65157-9-9
1. Шапкова Коцевска, Катерина [автор] 2. Спасевски, Дарко [автор]
а) Скопје - Статистички податоци
COBISS.MK-ID 105202186

